| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Другарство |
| **Содржина на денот** | Музички јајца |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Весна Спасова |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на навики на тема како и зошто треба да чекам на ред на одбележано место и да држам растојание во градинка и надвор од неа. |
| **Активности** | Музичко истражувачка игра „Музички јајца". Потребни ви се пластични јајца во различни бои. Заедно со децата наполнете ги со различни работи кои ги имате во домот(шеќер, ориз, грав, монети, шпенагли, монистри...). Залепете го јајцето со леплива трака. Играта може да започне. Поттикнете ги децата да прават звуци со пластичните јајца. Прашајте ги дали се сеќаваат што ставиле внатре .Заедно пронајдете го јајцето што прави насилен и најтивок звук. Пуштете музика која детето ја сака и свирете со инструментите заедно. Кога музиката е тивка правете потивки звуци, а кога е гласна правете посилен звук со пластичните јајца. Повикајте ги членовите на семејството и направете оркестар.<br>Потоа на бел лист хартија нацртајте кругови во боите на јајцата. Детето нека го пронајде јајцето со иста боја како кругот и нека го стави врз него. Вашите музички јајца може да ги подарите на  другарите на Вашите деца. |